16.01.2017

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) по жалбата на Марјан Чабуковски, за текстот со наслов "Унгарија ја призна Македонија под уставно име!", објавен на 14.12.2016 година, на Интернет порталот Инфомакс (www.infomax.mk)**

**Ж А Л Б А Т А   Е   О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во член 1.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 15.12.2016 година, Марјан Чабуковски поднесе жалба за текстот со наслов "Унгарија ја призна Македонија под уставно име!", објавен на 14.12.2016 година, на Интернет порталот Инфомакс (www.infomax.mk).

Во жалбата се наведува дека во текстот известувањето е неточно и нефер.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет порталот Инфомакс и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Наведениот Интернет портал не достави одговор на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

***

На седницата на 26.12.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и направи увид во наведениот текст.

Членовите на Комисијата, најпрво, ја утврдија веродостојноста на информацијата објавена од интернет порталот Инфомакс дека Република Унгарија ја признала Република Македонија под уставното име на ден 14.12.2016 год.

**Констатираа дека Република Унгарија ја признала Република Македонија под уставното име четири години предтходно, односно на ден 13.12. 2012 год., а не како што објавува порталот на ден 14.12.2016 год.**

***

Комисијата за жалби најде дека во спорниот текст "Унгарија ја призна Македонија под уставно име!", објавен на 14.12.2016 година, на Интернет порталот Инфомакс прекршен е член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Теофил Блажевски, Беким Ајдини, Сефер Тахири, Гоце Герасимовски и Мери Јордановска.

**Се обврзува Интернет порталот Инфомакс (www.infomax.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595